**Оценување на ниво на ангажман**

Целта на проврерката на кнтролата на квалитет на ниво на ангажман е да му овозможи на проверувачот да донесе заклучок за квалитетот на ангажманот и усогласеноста од страна на тимот на анагажманот со применливите професионални стандарди и политиките и процедурите на друштвото.
За заклучокот за резултатите од проверката на ниво на ангажман, постојат три можни оценки:
- Задоволително – З;
- Задоволително но бара понатамошно разгледување – ЗПР или
- Незадоволително Н.

Оценките "ЗПР" и "Н" заедно се нарекуваат ПОЗ (пониско од задоволително).

Со цел да определи која оценка да се примени на ангажманот, проверувачот треба да ја земе во предвид природата и влијанието на сите негативни одговори во прашалникот и да донесе заклучок за севкупната оценка за ангажманот. Кумулативниот ефект на идентификуваните отстапувања треба да се земе во предвид до степенот до кој тие заедно може да резултираат во севкупна оценка на квалитетот во ПОЗ.

Оценките и критериумите за севкупна оценка се како што следи:

***Задоволително***
За ангажманот да бид оценет "З" – Задоволително, проверувачот треба да заклучи дека и двете (i) извршената ревизорска работа и (ii) ревизорскиот деказ се достатни да му овозможат на искусен ревизор кој не е претходно поврзан со ревизијата, да ги разбере:
- Природата, временскиот распоред и обемот на извршените ревизорски постапки за усогласеност со политиката на друштвото, применливите стандарди за ревизија и правните и регулаторни барања;
- Резултатите од спроведените ревизорски постапки и прибавениот ревизорски доказ; и
- Значајните прашања кои произлегле во текот на ревизијата, постигнатите заклучоци за нив и значајните професионални расудувања кои биле направени за постигнување на тие заклучоци.

Проверувачот мора да биде во состојба да заклучи дека:
- Клучните расудувања и заклучоци за значајните ревизорски, сметководствени и прашања за обелоденување се соодветни;
- достатно соодветен ревизорски доказ бил обезбеден во согласност со политиките на друштвото, професионалните стандарди и применливите правни и регулаторни барања кое вклучува значителна усогласеност со ревизорската методологија на друштвото; и
- Издаденото мислење е соодветно и е поткрепено.

Усмените објаснувања од ревизорскиот тим, самите за себе, не претставуваат адекватна поддршка на извршената работа од страна на ревизорот или за заклучоците кои ги постигнал ревизорскиот тим, но би можеле да бидат искористени за ги објаснат или појаснат информациите кои се содржани во ревизорските работни документи.

Треба да се примени професиооналлно расудување за да се дојде до оценката за ангажманот, а прашањата кои се јасно незначајни да не резултираат во оценка ПОЗ. Покрај тоа, проверувачот може да даде коментари или предлози за континуирано унапредување на квалитетот без тие да резултираат во оценка ПОЗ.

***Задоволително но бара понатамошно разгледување***
Ангажманот е оценет "ЗПР", каде ревизорскиот извештај вообичаено е поддржан со работа која е извршена, а ревизорскиот извештај не е неточен во секој материјален аспект. Сепак, потребни се подобрувања во една или повеќе од следните значајни подрачја:

• Извештајот вклучува неточности или недостатоци во однос на применливите закони, регулативи и професионални стандарди иако тие погрешно не го наведуваат корисникот на извештајот во било кој материјален аспект;
• Значајни усмени објаснувања во поглед на ревизорскиот пристап, неговото извршување и заклучоците кои биле неопходни за да му овозможат на проверувачот да заклучи дека извештајот на ревизорот е поддржан со работа која е извршена и извршената работа била доволна;
• Ревизорскиот тим би требало да додаде значителен доказ во работните документи за да ги објасни извршените постапки или постигнатите заклучоци за значајни подрачја за да можат работните документи да бидат "самостојни";
• Постои значајна неконзистентност помеѓу ревизорскиот доказ и постигнатите заклучоци; или
• Во едно или повеќе значајни подарачја идентификувани се потребни подобрувања на ревизорските постапки, а таквите подобрувања биле оценети дека не се доволно значајни да бараат незадоволителна оценка.

***Незадоволително***
Ангажманот е оценет "Н" – Незадоволително, кога проверувачот заклучува дека ангажманот не бил извршен во согласност со политиката на друштвото и професионалните стандарди во значајни подрачја. Незадоволителна оценка е соодветна доколку проврувачот заклучи дека постои едно или повеќе од следните значајни недостатоци:
• Финансиските извештаи не се во согласност со специфицираните општо прифатени сметководствени принципи во сите материјални аспекти кое се должи на:
- материјални грешки, вклучувајќи ситуации каде сметководствените политики усвоени од клиентот се јасно несоодветни или се погрешно применети; и/или
- Обелоденувањата во финансиските извештаи содржат материјални недостатоци
• Извештајот на независниот ревизор содржи материјални недостатоци или е несоодветен во околностите;
• Недостатоците во ревизорскиот доказ, се толку обемни така што проверувачот верува дека ЗПР е несоодветно;
• Од ревизорскиот тим се бара, со цел да бидат во согласност со применливите ревизорски стандарди, да прибаваат значаен дополнителен ревизорски доказ и/или да спроведе значајни дополнителни ревизорски постапки за релевантни тврдења поврзани со значајни сметки/обелоденувања; или
• Ревизијата не била спроведена во сите материјални аспекти во согласност со применливите ревизорски стандарди и со политиката на фирмата или применливите правни и регулаторни барања.